# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**27.10.2008**<br>**БРОЈ 8 ГОДИНА 43** | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 8, ДЕЛ ОД УБ 8.1, ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 8, дел од УБ 8.1, опфат 1, општина Охрид 2008-2013 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година

**Број 08-2447/3**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 8, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 8.1. ОПФАТ 1 – ОХРИД 2008-2013

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - детален урбанистички план за Урбана заедница 8, дел од урбан блок 8.1, опфат 1 Охрид -2008-2013.

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 3,10 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 8, дел од урбан блок 8.1. опфат 1-Охрид 2008-2013 е опфат на границите:

Туристичка, Јане Сандански, Галичица, Лазо Трпоски и новопредвидена улица по ДУП.

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 8,дел од урбан блок 8.1. опфат 1 Охрид 2008-2013 со тех. бр. 1544/07 изработен од АД за урбанизам, архитектура и инжинеринг „ЗУАС“ Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - детален урбанистички план за Урбана Заедница 8, дел од урбан блок 8.1, опфат 1, Охрид 2008-2013.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 15 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/3**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2, ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.2, општина Охрид 2008-2013 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/4**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10. 2008 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.2. ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - детален урбанистички план за Урбана заедница 2 дел од урбан блок 2.2. Охрид -2008-2013

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 3,43 hа.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 дел од урбан блок 2.2.-Охрид 2008-2013 е опфат на границите:

- На североисток оска на улица „Димитар Влахов“
- На северозапад оска на улица „Дебарце“
- На југоисток оска на улица „107“
- На југозапад оска на улица „Партизанка“

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.2. 2008-2013 Охрид со тех.бр.1613/08 изработен од АД за урбанизам, архитектура и инжинеринг „ЗУАС“ Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - детален урбанистички план за Урбана Заедница 2, дел **од** урбан блок 2.2 Охрид 2008-2013.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 15 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/4**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 3, ДЕЛ ОД УБ 3.2, ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 3, дел од УБ 3.2, општина Охрид 2008-2013 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/5**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10. 2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 3, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 3.2, ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - деталeн урбанистички план за дел Урбана заедница 3 дел од урбан блок 3.2. Охрид - 2008-2013.

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 1,1 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел Урбана заедница 3 дел од урбан блок 3.2.-Охрид 2008-2013 е опфат на границите:

Васил Стефоски, Махмут Рифат и новопредвидена улица.

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план за дел Урбана заедница 3,дел од урбан блок 3.2. Охрид 2008-2013 со тех. бр. 08/08 изработен од ДОО„УРБАН“ Охрид содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - детален урбанистички план за дел Урбана Заедница 3, дел **од** урбан блок 3.2 Охрид 2008-2013.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 15 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/5**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.3, ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД 2007-2012 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.3, опфат 1, општина Охрид 2007-2012 г., што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/6**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.3. ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД 2007-2012

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - детален урбанистички план за дел Урбана заедница 2 дел од урбан блок 2.3. опфат 1 Охрид -2007-2012

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 1,85 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел Урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.3., опфат 1 - Охрид 2007-2012 е опфат на границите:

Македонски просветители, Туристичка, Ново проектирана улица и Даме Груев.

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план за дел Урбана заедница 2,дел од урбан блок 2.3. опфат 1 Охрид 2007-2012 со тех. бр. 88/2007 изработен од ИН-ПУМА Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - детален урбанистички план за дел Урбана Заедница **2**, дел **од** урбан блок 2.3 опфат 1 Охрид 2007-2012.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со изложување на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 15 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/6**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 8, УБ 8.3, ОПШГТИНА ОХРИД 2008-2013 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување Детален урбанистички план за УЗ 8, УБ 8.3, општина Охрид 2008-2013 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/7**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 13, 22, 25 и 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид, бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 24.10.2008 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 8, УРБАН БЛОК 8.3 ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013

**Член 1**

Се донесува детален урбанистички план за урбана заедница 8, УБ 8.3 – општина Охрид 2008-2013.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 12,60 ha.

Просторот на планскиот опфат во деталниот урбанистички план за урбана заедница 8 УБ 8.3 – општина Охрид 2008-2013 опфаќа граници:

Туристичка, Бул.Асном, Карпош Војвода и Бејбунар.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за урбана заедница 8 УБ 8.3 – општина Охрид 2008-2013 со тех.бр.106/2008 изработен е од ДОО„ИН-ПУМА“ содржи: текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за урбана заедница 16 - 8 УБ 8.3 – општина Охрид 2008-2013., се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид .

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за урбана заедница 8 УБ 8.3 – општина Охрид 2008-2013, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/7**
**24.10 2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 15 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 15.1. ОПФАТ 1– ОХРИД 2008-2013

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт **-** детален урбанистички план за дел Урбана заедница 15 дел од урбан блок 15.1. опфат 1 Охрид -2008-2013., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/8**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10. 2008 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ УРБАНА ЗАЕДНИЦА 15 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 15.1. ОПФАТ 1– ОХРИД 2008-2013

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - детален урбанистички план за дел Урбана заедница 15 дел од урбан блок 15.1. опфат 1 Охрид -2008-2013

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 2,65 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел Урбана заедница 15 дел од урбан блок 15.1. опфат 1 -Охрид 2008-2013 е опфат на границите:

-на југозапад границата оди по осовината на магистралната улица 15-ти Корпус.

-на исток границата оди по осовината на ул „Живко Чинго“и продолжува по катастарските парцели.

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план за дел Урбана заедница 15,дел од урбан блок 15.1. опфат 1 Охрид 2008-2013 со тех. бр. 3/2008 изработен од ДОО „ УРБАН“ Охрид содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - детален урбанистички план за дел Урбана Заедница 15, дел **од** урбан блок 15.1 опфат 1 Охрид 2008-2013.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 15 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2447/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.10.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за 2008 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/9**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за 2008 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/9**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на општина Охрид за 2008 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**24.10.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07) и член 2 и 3 од Законот за буџетите („Сл.весник на РМ“ бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 35/01, 93/01, 46/02), Советот на општината Охрид на седницата одржана на 24.10.2008 год., ја донее следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ОХРИД ЗА 2008 ГОДИНА

**1. Општ дел**

**Член 1**

Во Буџетот на ЕЛС Охрид за 2008 год. се вршат следните измени:

| | Буџет 2008 | Ребаланс 2008 |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | 561.550.000 денари | 561.550.000 денари |
| Вкупни расходи и тоа: | 561.550.000 денари | 561.550.000 денари |
| - утврдени намени | 561.300.000 денари | 561.350.000 денари |
| - резерви | 250.000 денари | 200.000 денари |

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени утврдени во постојниот Биланс на приходите и расходите на ЕЛС Охрид за 2008 година се заменуваат со новиот Биланс на приходи на ниво на потставки и Билансот на расходи на ниво на потставки и тоа како што следува:

(Измените на Билансот на приходи на ниво на потставки и Билансот на расходи на ниво на потставки, даден е во седничниот материјал).

**Член 3**

Одлуката за измените и дополнувањата на Буџетот на општина Охрид за 2008 год., влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Сл.гласник на општина Охрид„).

**Број 07-2447/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.10.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/ 10-1**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 год. ги донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Се задолжуваат стручните служби на локалната самоуправа да изготват писмен извештај до кој спортски клубови се трансферирани средства и во колкав износ.

**Број 07-2447/10-1**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ ЗА БУЏЕТСКА 2008 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид за трет квартал за буџетска 2008 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/11**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ ЗА БУЏЕТСКА 2008 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за извршување на буџетот на општина Охрид за трет квартал за буџетска 2008 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-2447/11**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ ЗА 2008 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за трет квартал за 2008 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/ 12**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ 2008 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за трет квартал за 2008 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/12**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ ЗА 2008 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување и изградба на јавно осветлување за трет квартал за 2008 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 год.

**Број 08-2447/13**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ 2008 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување и изградба на јавно осветлување за трет квартал 2008 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/13**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“-ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Годишната програма за згрижување и воспитно-образовна работа на јавната општинска установа за деца-детска градинка „Јасна Ристеска“-Охрид за учебната 2008/2009 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**24.10.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) , член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид (“Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07) и измените и дополнувањата на Законот за основно образование („Сл.весник на РМ“ бр. 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 67/04), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОД

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за згрижување и воспитно-образовна работа на јавната општинска установа за деца-детска градинка „Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2447/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.10. 2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТ ЗА ДОГРАДБА НА ОУ„ ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД – ДЕЛОТ ОД ЗАЕДНИЧКИ ПРОСТОРИИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување приоритет за Проектот за доградба на ОУ„ Григор Прличев“ Охрид - делот од заеднички простории, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/15**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Рм.бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( Сл. гласник на општина Охрид бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 год. ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТ ЗА ДОГРАДБА НА ОУ„ ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" ОХРИД – ДЕЛОТ ОД ЗАЕДНИЧКИ ПРОСТОРИИ

Член 1

Се утврдува приоритет за Проектот за доградба на ОУ„ Григор Прличев" Охрид - делот од заеднички простории ,со тех.бр 22/89 изработен од општественото претпријатие Институт за урбанизам и архитектура „План" Охрид.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Охрид„.

**Број.07-2447/15**
**24.10.2008 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/ 16**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 год. ги донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува градоначалникот и администрацијата да се обратат до надлежните републички институции да добијат информација за состојбата со вулканот во с. Косел.

**Број 07-2447/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.10.2008 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/ 17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**24.10.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 год. ги донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжуваат стручните служби на локалната самоуправа да побараат од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување податок колкав е вкупниот број на пензионери на подрачјето на општина Охрид и број на пензионери по категории.

**Број 07-2447/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.10.2008 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/ 18**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 год. ги донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Да се задолжи градоначалникот и администрацијата при изработка на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2009 год. да се изнајде локација надвор од Генералниот урбанистички план за изградба на елитна резиденцијална населба.

**Број 07-2447/18**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измени на одлуката за востановување и доделување на општински награди и признанија , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.10.2008 година.

**Број 08-2447/19**
**24.10.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ( “Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 18 од Статутот на Општина Охрид (“Сл.гласник на Општина Охрид “ број 8/07 ), Советот на Општина Охрид, на седница, одржана на ден 24.10.2008 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изменува Одлуката за востановување и доделување на општински награди и признанија бр. 07-2239/5 од 26.10.2006 год.

**Член 2**

Членот 17 се менува и гласи :

„ Во пријавата треба да се наведе за што се аплицира (награда или повелба), да се достави кратка биографија и да се образложи за какви остварувања се аплицира на конкурсот.“

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-2447/19**
**24.10.2008 година**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 15 од Одлуката за востановување и доделување на оопштински награди и признанија бр.07-2239/5 од 26.10.2006 година Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделување награди и признанија, распишува :

**К О Н К У Р С**

За доделување награда и повелба-Патрон на градот „Св.Климент Охридски“

1. Општина Охрид во чест на празникот „Св.Климент Охридски“ Патронот на Охрид за 2008 година доделува една награда и три повелби.

2. Наградата се доделува за животно дело (остварувања за подолг изминат период што претставува творечка или континуирана работна целина).

3. Повелбата се доделува за врвни достигнувања во сите области од општествениот живот од особено значење за општина Охрид што претставуваат посебен придонес за нејзиниот развој и севкупен напредок и афирмација во Републиката и Светот.

4. Право на учество на конкурсот имаат физички и правни лица од Охрид , Република Македонија и од други држави, како меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

5. Во пријавата треба да наведат за што аплицираат (награда или повелба), како и да достават кратка биографија и образложение за какви остварувања аплицираат.

6. Конкурсот трае 15 дена сметано од денот на објавувањето.
Пријавите кои ќе бидат доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат.

7. Пријавите да се доставуваат на адреса: - Општина Охрид ул.„Димитар Влахов" бр.57, Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија (со назнака „ЗА КОНКУРС").

КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ
ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ
ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА
**Претседател,**
**д-р Крсте Стојаноски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1. | ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 8, ДЕЛ ОД УБ 8.1, ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013 Г. | 2 |
| 2. | ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2, ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013 Г. | 3 |
| 3. | ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 3, ДЕЛ ОД УБ 3.2, ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013 Г. | 4 |
| 4. | ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.3, ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД 2007-2012 Г. | 6 |
| 5. | ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 8, УБ 8.3, ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013 Г. | 7 |
| 6. | ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 15 ДЕЛ ОД УБ 15.1, ОПФАТ 1 ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013 Г. | 8 |
| 7. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 Г. | 10 |
| 8. | ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 Г. | 11 |
| 9. | ЗАКЛУЧОК | 12 |
| 10. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ ЗА БУЏЕТСКА 2008 Г. | 13 |
| 11. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ ЗА 2008 Г. | 14 |
| 12. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ ЗА 2008 Г. | 15 |
| 13. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“-ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 Г. | 16 |
| 14. | ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТ ЗА ДОГРАДБА НА ОУ„ ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД – ДЕЛОТ ОД ЗАЕДНИЧКИ ПРОСТОРИИ | 17 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | ЗАКЛУЧОК ЗА СОСТОЈБАТА СО ВУЛКАНОТ ВО с. КОСЕЛ | 18 |
| 16. | ЗАКЛУЧОК ЗА БАРАЊЕ ПОДАТОК ОД ПИОМ | 18 |
| 17. | ЗАКЛУЧОК ЗА ИЗГРАДБА НА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНА НАСЕЛБА | 19 |
| 18. | ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА | 20 |
| 19. | КОНКУРС | 20 |
| 20. | СОДРЖИНА | 21 |